**Влада на Република Северна Македонија**

Скопје, 14 март 2023 година
Бр. **41-2318/**6

**До**
**Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија**
**Скопје**

**Drejtuar**
**Kryetarit Të Kuvendit Të Republikës Së Maqedonisë Së Veriut**
**Shkup**

Врз основа на членот 91 алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 132, 137 и 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Владата на Република Северна Македонија Ви поднесува Предлог на закон за изменување на Законот за пријавување и евиденција на обврски, по скратена постапка, што го утврди на седницата, одржана на 14 март 2023 година.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и Филип Николоски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии, Аница Иваноска Стрезовски, државен советник во Министерството за финансии и Тања Трипунова, државен советник во Министерството за финансии.

Në bazë të nenit 91, alinesë 2 të Kushtetutës së Republikës së Maqedonisë së Veriut dhe neneve 132, 137 dhe 170 të Rregullores së Kuvendit të Republikës së Maqedonisë, Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut Ju parashtron, Propozim - ligjin për ndryshim e Ligjit për Raportimin dhe Evidentimin e Detyrimeve, me procedurë të shkurtuar, që e përcaktoi në seancën e mbajtur me 14 mars 2023.

Për përfaqësues të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut në Kuvend janë përcaktuar dr. Fatmir Besimi, ministër i Financave dhe Filip Nikolloski, zëvendësministër i Financave, ndërsa për të besuar dr. Jelena Tast, sekretare shtetërore në Ministrinë e Financave, Anica Ivanoska Strezovski, sekretare shtetërore në Ministrinë e Financave dhe Tanja Tripunova, këshilltare shtetërore në Ministrinë e Financave.

**Прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија**

**dr. Artan Grubi**

Подготвил: м-р Љубомир Кукоски, советник
Проверил: Никола Пасков, раководител на одделение
Катерина Јаневска, раководител на одделение
Контролирал: Стојанчо Радичевски, помошник раководител на сектор
Jetmira Maliqi, помошник раководител на сектор
Согласен: Снежана М. Пендоски, државен советник
Зоран Брњарчевски, раководител на сектор
Одобрил: м-р Методија Димовски, генерален секретар на Владата

ПРЕДЛАГАЧ:
Владата на Република Северна Македонија

ПРЕТСТАВНИЦИ:
д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и

Филип Николоски, заменик на министерот за финансии

ПОВЕРЕНИЦИ:
д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии

Аница Иваноска Стрезовски, државен советник во Министерството за финансии и

Тања Трипунова, државен советник во Министерството за финансии

Предлог на закон
за изменување на Законот за пријавување и евиденција на обврски, по скратена постапка

Скопје, март 2023 година

PROPOZUES:
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

PËRFAQËSUES:
dr. Fatmir Besimi, ministër i Financave dhe

Filip Nikolloski, zëvendësministër i Financave

TË BESUAR:
dr. Jelena Tast, sekretare shtetërore në Ministrinë e Financave

Anica Ivanoska Strezovski, sekretare shtetërore në Ministrinë e Financave dhe

Tanja Tripunova, këshilltare shtetërore në Ministrinë e Financave

Propozim-ligji
për ndryshimin e Ligjit për Raportimin dhe Evidentimin e Detyrimeve, me procedurë të shkurtuar

Shkup, mars 2023

ВОВЕД

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за пријавување и евиденција на обврски се уредува пријавувањето и евидентирањето на преземени, а недоспеани обврски и на доспеани, а неплатени обврски, со цел обезбедување и одржување на транспарентноста и отчетноста и јакнење на одговорноста при располагање со јавни средства.
Со предложените измени се врши усогласување со одредбите од Законот за прекршоците („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/2019).

## II.ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Законот, чие донесување се предлага, се заснова врз основа на следните начела:
- законитост и одговорност при спроведување на одредбите од Законот за пријавување и евиденција на обврските и
- транспарентност и отчетност при располагање со јавни средства.

## III.ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

За спроведување на овој закон не се потребни финансиски средства.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗАТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

HYRJE

## I. VLERËSIMI I GJENDJEVE NË SFERËN QË DUHET TË RREGULLOHET ME KËTË LIGJ DHE ARSYET PËR MIRATIMIN E LIGJIT

Me Ligjin për Paraqitjen dhe Evidentimin e Detyrimeve rregullohet paraqitja dhe evidentimi i detyrimeve të ndërmarra, dhe detyrimeve të maturuara dhe jo të maturuara si dhe detyrimeve të papaguara, me qëllim të sigurimit dhe ruajtjes së transparencës dhe llogaridhënies, si dhe forcimit të përgjegjësisë gjatë disponimit me mjete publike.
Me ndryshimet e propozuara bëhet harmonizimi me dispozitat e Ligjit të Kundërvajtjeve ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr.96/2019).

## II. QËLLIMET, PARIMET DHE ZGJIDHJET THEMELORE

Ligji, miratimi i të cilit propozohet, bazohet në parimet e mëposhtme:
- ligjshmërinë dhe përgjegjësinë gjatë zbatimit të dispozitave të Ligjit për Paraqitjen dhe Evidentimin e Detyrimeve dhe
- transparencën dhe llogaridhënien gjatë disponimit me mjete publike.

## III. VLERSIMI I PASOJEVE FINANCIARE NGA PROPOZIMI I LIGJIT MBI BUXHETIN DHE MJETET E TJERA FINANCIARE PUBLIKE

Për zbatimin e këtij ligji nuk nevojiten mjete financiare.

## IV. VLERËSIMI I MJETEVE FINANCIARE TË NEVOJSHME PËR ZBATIMIN E LIGJIT, MËNYRA E SIGURIMIT TË TYRE, TË DHËNAT NËSE ZBATIMI I LIGJIT DO TË IMPONOJË DETYRIME MATERIALE PËR SUBJEKTE TË CAKTUARA

За спроведување на овој закон не се потребни финансиски средства.

Për zbatimin e këtij ligji nuk nevojiten mjete financiare.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со оглед на тоа што се исполнети случаите утврдени во членот 170 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, овој закон се предлага да се донесе по скратена постапка.

## V. PROCEDURA E SHKURTUAR PËR MIRATIMIN E LIGJIT

Duke pasur parsyash se janë plotësuar rastet e përcaktuara në nenin 170 të Rregullores së Kuvendit të Republikës së Maqedonisë së Veriut, ky ligj propozohet të miratohet me procedurë të shkurtuar.

## ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ И ЕВИДЕНЦИЈА НА ОБВРСКИ

### Член 1

Во Законот за пријавување и евиденција на обврски („Службен весник на Република Македонија“ бр.64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.122/21), членот 14 се брише.

### Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

## PROPOZIM LIGJI PËR NDRYSHIMIN E LIGJIT PËR PARAQITJEN DHE EVIDENTIMIN E DETYRIMEVE

### Neni 1

Në Ligjin për Paraqitjen dhe Evidentimin e Detyrimeve (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 64/18 dhe “Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut” numër 122/21), neni 14 fshihet.

### Neni 2

Ky ligj hyn në fuqi me ditën e publikimit në “Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut”.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Со Предлогот на Законот за изменување на Законот за пријавување и евиденција на обврски се предлага бришење на одредбата во која се пропишува можноста за изрекување опомена како прекршочна санкција, со цел да се елиминираат недоследностите кои оваа одредба ги произведува при постапувањето на Финансиската инспекција.

Имено, во Законот за пријавување и евиденција на обврски пропишана е можноста да се изрече опомена како прекршочна санкција доколку е сторен прекршок со непријавување на обврските во електронскиот систем за пријавување и евиденција на обврски, согласно овој закон, а притоа сторителот да го сторил прекршокот по првпат во календарската година и доколку сторителот пред донесување на одлуката за прекршок ја исполнил пропишаната обврска, односно ги пријавил обврските согласно овој закон.

Финансиската инспекција, како овластен орган за поднесување барање за поведување прекршочна постапка пред надлежен суд, пред поднесувањето на барањето за поведување прекршочна постапка пред надлежен суд, согласно Законот за прекршоците, има обврска да спроведува постапка за порамнување со издавање прекршочен платен налог во кој предлага глоба, но не и опомена.

Опомена, како прекршочна санкција, согласно Законот за прекршоците, во смисла на

ARSYETIM I PROPOZIM LIGJIT

1. SHPJEGIMI I PËRMBAJTJES SË DISPOZITAVE TË PROPOZIM LIGJIT

Me Propozimin e Ligjit për ndryshimin e Ligjit për Paraqitjen dhe Evidentimin e Detyrimeve, propozohet të fshihet dispozita që përcakton mundësinë e shqiptimit të vërejtjes si sanksion kundërvajtës, me qëllim të eliminimit të mospërputhjeve që kjo dispozitë krijon në procedurat e Inspektimit Financiar.

Gjegjësisht, me Ligjin për Paraqitjen dhe Evidentimin e Detyrimeve nëse kryerësi ka kryer kundërvajtjen për herë të parë në vitin kalendarik dhe nëse kryerësi para marrjes së vendimit për kundërvajtje, e ka përmbushur detyrimin e përcaktuar, gjegjësisht ka paraqitur detyrime sipas këtij ligji, përcaktohet mundësia e shqiptimit të vërejtjes si sanksion kundërvajtës nëse është kryer kundërvajtje me mosparaqitjen e detyrimeve në sistemin elektronik për paraqitje dhe evidentim të detyrimeve, në pajtim me këtë ligj.

Inspektimi financiar, si organ i autorizuar për parashtrimin e kërkesës për ngritjen e procedurës kundërvajtëse në gjykatën kompetente, para parashtrimit të kërkesës për ngritjen e procedurës kundërvajtëse në gjykatën kompetente, në pajtim me Ligjin e Kundërvajtjeve, obligohet që ta zbatojë procedurën e shlyerjes (nivelizimit) me lëshimin e urdhërpagesës kundërvajtëse, me ç’rast propozohet gjobë, por jo edhe vërejtje.

Vërejtja, si sanksion kundërvajtës, sipas Ligjit të Kundërvajtjeve, në aspektin e procesimit të Inspektimit Financiar, mund të shqiptohet nga gjykata, duke vlerësuar të gjitha rrethanat

постапувањето на Финансиската инспекција, може да изрече судот, ценејќи ги сите олеснителни околности. Исто така, во Законот за прекршоците (член 21 став 2) пропишана е и можноста за судот да пресуди ослободување од санкција доколку сторителот ја исполнил обврската пред донесување на одлука од суд.
Во смисла на оваа одредба доколку сторителот постапил во согласност со истата, односно доколку го сторил прекршокот по првпат во календарската година, инспекцијата со оглед дека не изрекува опомена, согласно горенаведените прописи по кои постапува, треба да спроведе постапка за порамнување со издавање прекршочен платен налог во кој предлага глоба, со што би постапила спротивно пак на одредбата од член 14 од Законот за пријавување и евиденција на обврски, каде е предвидено да се изрече опомена како прекршочна санкција.

II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предложените одредби се меѓусебно поврзани и како такви прават правна целина и се применливи.

III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените измени се врши усогласување со одредбите од Законот за прекршоците („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/2019).

ТЕКСТ НА ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ШТО СЕ ИЗМЕНУВААТ ИЛИ ДОПОЛНУВААТ

Член 14

Доколку е сторен прекршок со неисполнување на обврската од членот 9 од овој закон, а сторителот го сторил прекршокот по првпат во календарската година и доколку сторителот

lehtësuese. Gjithashtu, Ligji i Kundërvajtjeve (neni 21 paragrafi 2) përcakton mundësinë që gjykata të sjellë aktgjykim mbi lirimin e sanksionit nëse kryerësi e ka përmbushur detyrimin para se gjykata të miratojë vendim.
Në aspektin e kësaj dispozite, nëse kryerësi ka vepruar në përputhje me të, gjegjësisht nëse e ka kryer kundërvajtjen për herë të parë në vitin kalendarik, inspektimi duke marrë parasysh faktin se nuk jep vërejtje, në përputhje me rregulloret e sipërpërmendura, duhet të zbatojë procedurën e shlyerjes duke lëshuar urdhërpagesë kundërvajtëse me të cilën propozon gjobë, e cila do të ishte në kundërshtim me dispozitën e nenit 14 të Ligjit për Paraqitjen dhe Evidentimin e Detyrimeve, ku parashihet që të shqiptohet vërejtje si sanksion kundërvajtës.

II. NDËRLIDHJA E NDËRSJELLË E ZGJIDHJEVE QË PËRFSHIHEN NË DISPOZITAT E PROPOZUARA

Dispozitat e propozuara janë të ndërlidhura dhe si të tilla krijojnë tërësi juridike dhe janë të zbatueshme.

III. PASOJAT QË DO TË REZULTOJNË NGA ZGJIDHJET E PROPOZUARA

Me ndryshimet e propozuara është bërë harmonizimi me dispozitat e Ligjit të Kundërvajtjeve (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut” nr.96/2019).

TEKST I DISPOZITAVE TË LIGJIT QË NDRYSHOHEN OSE PLOTËSOHEN

Neni 14

Nëse është kryer vepër kundërvajtëse me mospërmbushjen e detyrimit nga neni 9 i këtij ligji dhe kryerësi ka kryer kundërvajtje për herë të parë në vitin kalendarik, dhe nëse kryerësi para miratimit të vendimit për kundërvajtje e ka përmbushur detyrimin e përcaktuar, gjegjësisht, ka paraqitur detyrimet në pajtim me nenin 9 të

пред донесување на одлуката за прекршок ја исполнил пропишаната обврска, односно ги пријавил обврските согласно со членот 9 од овој закон, ќе се изрече опомена како прекршочна санкција.

këtij ligji, do të shqiptohet vërejtje si sanksion kundërvajtës.